РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 08-7396/1
10-08-2015 20 год.
СКОПЈЕ I

Врз основа на член 12 од Спогодбата за основање на Економско-социјален совет („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2010 година), Економско-социјалниот совет, на седница од 27.07.2015 година, донесе

# Д Е Л О В Н И К

за работа на Економско-социјалниот совет

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Деловникот за работа на Економско-социјалниот совет (во натамошниот текст: Советот) се уредува начинот на работа на Советот.

Член 2

Деловникот за работа на Советот е задолжителен за сите членови на Советот, нивните заменици како и за сите други учесници во работата на Советот.

## II. НАЧИН НА РАБОТА НА СОВЕТОТ

**Подготовка и свикување на седниците**

Член 3

Советот работи на седници.

Седниците на Советот ги свикува претседателот на Советот, а во случај на спреченост еден од неговите заменици.

Седница на Советот, се свикуват и по писмено барање со образложение на еден од потписниците на Спогодбата на ЕСС.

Претседателот на Советот е задолжен да свикува седница на Советот во рок од десет дена од денот на поднесувањето на барањето.

Седницата на Советот се свикуваат по потреба, а најмалку еднаш во три

Седниците се свикуваат по покана со предлог дневен ред и работен материјал најмалку 8 дена пред одржувањето на седницата.

Седница може да се свика и во покус рок и без работен материјал.

Член 4

Дневниот ред за седницата го предлага претседателот, а го утврдува Советот на самата седница.

Секој член и заменик член на Советот може да предложи измени и дополнувања на дневниот ред со образложение.

Дневниот ред се усвојува ако за него се изјасниле мнозинството од присутните.

**Одржување на седниците и одлучување**

Член 5

Во работата на Советот учествуваат членовите на Советот и нивните заменици и претседателот на Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија, како здружение со најголем број на членови на територија на Република Македонија.

Во зависност од содржината на дневниот ред по потреба во работата на Советот учествуваат и претседавачи на работните тела на Советот претставници на научни и стручни организации и институции и соработници од стручните служби на членките на Советот, предлагачи на иницијативи за предлози на закони и лица за кои ќе одлучи Советот.

За присуството на претставниците,од став 3 на овој член, членовите на Советот и нивните заменици се информираат со поканата за седница.

Учесниците во работата на седницата на Советот кои не се членови на Советот немаат право на одлучување.

Член 6

Членовите на Советот и нивните замениците се одговорни за општото работење на Советот и ги имаат следниве основни должности:

а) Да го разгледаат и донесат Деловникот за работата на Советот;

б) Да го утврдат членството на постојаните работни тела;

в) Да го одобрат основањето на повремени работни тела;

г) Да го разгледаат и одобрат стратегијата и акцискиот план на Советот;

д) Да го разгледаат и одобрат Годишниот план за работа на Советот;

ѓ) Да го разгледаат и одобрат Извештајот за работењето на Советот;

е) Да разгледуваат и издаваат препораки и мислења за нацрт-законодавството што му се поднесува на Советот во рок од седум дена по приемот на барањето;

ж) Да разгледуваат и донесуваат предлог-одлуки што се изготвени од страна на постојаните работни тела;

з) Да разгледуваат и донесуваат мислења, ставови, препораки, студии и анализи изготвени од Советот на сопствена иницијатива, во согласност со стратегијата и Планот за работа на Советот и

ѕ) Да ги донесуваат сите останати одлуки за постигнување на целите на Советот, согласно неговата надлежност.

Член 7

Со седницата на Советот раководи претседателот на Советот.

Во отсуство на претседателот, со седницата раководи еден од неговите заменици кој наизменичо ќе ги определува претседателот на Советот.

Член 8

Седница на Советот се одржува доколку присуствуваат најмалку три претставници од Владата на Република Македонија и по три претставника од социјалните партнери.

Член 9

Времетраењето на дискусиите не е ограничено.

Дискусијата на учесникот може да биде прекината доколку отстапува од дневниот ред.

Редоследот на учесниците во дискусијата е согласно пријавувањето.

Член 10

Советот може да побара од своите работни тела да присуствуват на седниците и да бара мислење, ставови и препораки по одредени значајни прашања пред нивното конечо усвојување.

Член 11

Советот, по правило, мислењата, предлозите и препораките ги усвојува со консензус, од вкупниот број присутни на седницата.

Доколку не се постигне консензус, мислењата, предлозите и препораките се ставаат на гласање и се усвојуваат со просто мнозинство од вкупниот број присутни на седницата.

Член 12

За секоја одржана седница на Советот се води записник.

Секој член и заменик член има право да бара во записникот да се внесе неговото издвоено мислење.

Записникот го води секретарот или овластено лице од секретаријатот на Советот.

Записникот по неговото усвојување го потпишува претседателот на Советот.

Записникот се усвојува на наредна седница на Советот.

Член 13

Секретаријатот на Економско-социјалниот совет (во натамошниот текст: Секретаријатот) врши организациски, стручни и административно-технички работи за потребите и работата на Советот.

Секретаријатот:

1) го подготвува и изготвува нацртот на дневниот ред;
2) бара мислења од надлежни институции за одредени точки од дневниот ред;
3) врши истражување или прибира податоци за одредени точки од дневниот ред;
4) врши подготовка на материјали за седниците на Советот;
5) остварува комуникација со членовите на Советот, стручни експерти и други лица поканети на седниците;
6) го следи обезбедувањето на кворум и дава логистичка подршка за седниците;
7) го води записникот;
8) изготвува предлог записник;
9) го води регистарот на Советот;
10) ги изготвува донесените препораки и мислења на Советот од седницата и ги испраќа до Генералниот секретар на Владата на РМ, до соодветните министерства и други органи на државна управа.
11) го известува Советот за степенот на реализација на мислењата и препораките на Советот;
12) ја одржува интернет страната на Советот;
13) прима предлози и иницијативи упатени до Советот;
14) одржува комуникација со органи на државната управа;
15) изготвува годишен извештај за работата на Советот;
16) обезбедува техничка подршка за работата на работните групи на Советот и
17) прибира информации и податоци потребни за работата на постојаните работни тела на Советот.

Работата на секретаријатот ја координира секретарот на Советот.

Член 14

Економско-социјалниот совет има регистар.

Во регистарот на Советот:

- се евидентира Записникот од седниците на Советот;
- се евидентираат препораките, предлозите и мислењата на Советот;
- се евидентираат добиените мислења по однос на предлозите на Советот и
- се одржува и води систем за следење на влијанието на мислењата и препораките на Советот и за степенот на нивна реализација.

Член 15

Со поканата и дневниот ред се доставуваат работните материјали.

Работните материјали ги изготвува секретаријатот, предлагачот на точката на дневниот ред или друга надлежна институција.

Член 16

Советот усвоените документи од својата надлежност преку секретаријатот ги доставува на мислење до Владата на Република Македонија, соодветните министерства и другите органи на државна управа.

Советот за одделни прашања веднаш а најдоцна во рок од три дена од денот на одлучување ќе побара повратна информација од Владата, министерствата и другите органи.

Член 17

Советот има право со соодветните институции и организации да соработува и да бара потребни информации и податоци заради извршување на својата работа, со исклучок на класифицирани податоци.

Советот може да овласти поединци или стручни групи како и директно да соработува со соодветните министерства, органи и стручни служби.

Член 18

Советот формира постојани и повремени работни тела.

Постојани работни тела на Советот се:

1) Комисијата за работни односи и плати;

2) Комисијата за вработувања и политики за пазарот на труд;

3) Комисијата за социјална сигурност;

4) Комисијата за безбедност и здравје при работа и

5) Комисијата за издавање и одземање на лиценци на помирувачи и арбитри.

6) Координативно тело за општествена одговорност на претпријатијата

Член 19

Секое работно тело го сочинуваат најмалку по еден претставник од потписниците на Спогодбата за основање на Економско-социјалниот совет.

Работата на работното тело ја води претседавач кој се избира од составот на работното тело.

На седниците на работното тело може да бидат повикувани и претставници на органи и институции непосредно заинтересирани за прашањата на дневниот ред или заради усно искажување на мислења и информации од интерес за работата на работното тело.

Седници на работните тела се свикуваат на барање на претседавачот на работното тело и Секретаријатот.

Член 20

При вршењето на своите дејности, постојаните работни тела одржуваат седници со најмалку 2 члена од Владата на Република Македонија и по 2 члена од социјалните партнери.

Постојаните работни тела, по правило, ги усвојуваат одлуките со консензус.

Доколку не се постигне консензус, одлуката се усвојува со просто мнозинство од гласовите на членовите што се присутни на седницата.

Кога на седницата не може да се усвои одлука, во белешка што ја издава Претседавачот на постојаното работно тело се евидентираат различните мислења.

## III. ИНФОРМИРАЊЕ

Член 21

За својата работа Советот редовно ја информира јавноста, со соопштенија преку средствата за јавно информирање, интернет страната на Советот и други форми на информирање.

Членовите на Советот и нивните заменици имаат право да ја информираат јавноста за ставовите и мислењата по одредени прашања кои биле на дневен ред на седница на Советот.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Овој Деловник влегува во сила од денот на неговото донесување.

Економско-социјален совет

Претседател,
Диме Спасов

Скопје, 27.07.2015 година